# ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

# ПРАВИЛНИК

# ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ

# НА ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈАТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 22 од Статутот на Џудо федерацијата на Македонија, Собранието на Џудо федерацијата на Македонија на седницата одржана на 17.10.2020 година,. го усвои следниот:

# ПРАВИЛНИК

## ЗА ДИСЦИПЛИНСКА ОДГОВОРНОСТ НА ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈАТА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Правилникот за дисциплинска одговорност на Џудо федерацијата на Северна Македонија /во понатамошниот текст: Правилник/ ги регулира следните прашања: дисциплинските прекршоци /во понатамошниот текст: прекршоци/, санкциите за пропишани дисциплински прекршоци и постапката за утврдување на дисциплинскиот прекршок и сторителот, како и постапката за изрекување на санкции на натпреварувачите, на џудо организациите, управите на џудо клубовите и одговорните лица за време на натпреври и надвор од натпреварите.

Член 2

Одредбите на овој Правилник се однесуваат на сите џудо организации на територијата на Република Северна Македонија, со тоа што џудо клубовите можат со свои општи акти да пропишат и други прекршоци кои ги донесува највисокиот орган на џудо клубот (Извршниот одбор) и се однесуваат исклучиво на тој клуб и на почитувањето на интерните правила. Актите на џудо клубовите во никој случај не смеат да бидат во колизија со овој Правилник и другите акти на Федерацијата. Џудо клубот може да пропише дисциплинска санкција: исклучување од џудо клубот.

Член 3

Прекршокот е противправно дело кое со овој Правилник или Правилник на џудо клуб е определено како прекршок, чии обележја се определени со таквиот акт и за кое е пропишана прекршочна санкција.

Не се смета за прекршок дејствие кое, иако содржи обележје на прекршок одреден со Правилник, претставува незначителна општествена опасност /спортска/ поради малото значење или поради отсуство или незначителност на штетните последици.

Член 4

Непознавањето на прописите никого не го оправдува.

Член 5

Целта на изрекувањето на дисциплинските санкции е:

- воспитно влијание на сторителот на прекршокот да не сторува прекршоци и
- воспитно влијание на другите да не сторуваат прекршоци.

- ВИДОВИ САНКЦИИ:

Член 6

На сторителот на прекршок може за прекршокот да му се изрече само санкција пропишана со овој Правилник и општите акти на џудо клубовите.
За помагање или поттикнување ќе се изрече санкција како сам да го извршил прекршокот.
Дисциплински санкции се:

- опомена;
- парична казна;
- забрана за натпреварување/настапување на одредено време;
- забрана за вршење на функција на одредено време;
- одземање бодови;
- доживотна дисквалификација;
- бришење од членство и престанок со работа на клуб;
- распуштање на тело/орган во рамките на федерацијата или џудо клубовите.

Џудо клубовите можат да пропишат само опомена и исклучување од џудо клубот на одредено време.

Член 7

За прекршоците предвидени со овој Правилник можат да се изречат следните дисциплински санкции:

1. **За натпреварувачите:**
   - Опомена;
   - Забрана за натпреварување на одреден број натпревари во одреден ранг;
   - Забрана за натпревари на сите рангови на одредено време;
   - Исклучување од клуб на одредено време;
   - Доживотна дисквалификација.

2. **За одговорните лица и управите на џудо клубовите:**
   - Опомена;
   - Забрана на вршење на функцијата на одредено време;
   - Доживотна дисквалификација.

3. **За званични лица:**
   - Опомена;
   - Забрана на вршење на функцијата на одредено време;
   - Доживотна дисквалификација.

4. **За стручни лица:**
   - Опомена;
   - Забрана за вршење на сите функции на одредено време;

- Доживотна дисквалификација.

5. **За џудо клубовите:**
- Опомена;
- Парична казна како надомест на штета поради направен прекршок;
- Забрана за одржување на натпревари во одредена сала или место на одредено време;
- Забрана на настапување на одреден број и вид на натпревари на одредено време;
- Забрана за настапување на сите натпревари на одредено време одземање на бодови во лигашките натпревари;
- Бришење од членството во Федерацијата.

6. **За Џудо федерацијата и нејзините органи**
- Забрана за настапување;
- Распуштање на тело/орган.

За сите прекршоци кои ќе ги извршат натпреварувачите, екипите, званичните лица, службените лица или другите одговорни лица на натпреварот, може да се казни и џудо клуб на кој таквото лице припаѓа, со една од санкциите предвидени во ставот 1 точка 5 од овој член, во согласност со тежината на прекршокот.

- УСЛОВИ ЗА ИЗРЕКУВАЊЕ НА САНКЦИИТЕ:

Член 8

Опомена може да се изрече за прекршок сторен под такви олеснителни околности кои го прават особено лесен.
Опомената може да се изрече и ако прекршокот се состои од неисполнување на пропишаната обврска, или со прекршокот е нанесена штета, а сторителот пред донесувањето на одлуката за прекршок, ја исполнил пропишаната обврска, односно ја отстранил или ја надоместил нанесената штета.

Член 9

Паричната казна не може да биде помала од 500,00, ниту поголема од 10.000,00 денари.
Оваа казна се изрекува така што во одлуката за казна се одредува дека паричната казна доколку не се плати во рок од 8 дена од правосилноста на одлуката, ќе биде заменета со казна забрана за настапување сѐ додека казната не се плати.
Средствата од паричните казни одат во корист на Џудо федерацијата на Македонија.

Член 10

Санкција забрана за натпреварување на свој терен може да се изрече најмногу за 6 истовидни натпревари или временски од 1 месец до две години.
Под терен на клубот од ставот 1 на овој член се подразбира местото каде што е регистрираното седиште на ЏК и оддалеченост од седиштето на клубот до 50 км.

Санкција забрана за настапување на натпреварувачите и џудо клубот се изрекува за период кој не може да биде пократок од еден месец, ниту подолг од 3 години. За тоа време натпреварувачите и џудо клубовите не можат да земат учество на јавни приредби.
Санкција забрана за настапување може да се изрече на место во временско траење за одреден број еднакви натпревари, а најмногу 6.
Санкција забрана за настап од ставовите 2 и 3 од овој член, за џудо организацијата задолжително вклучува и забрана за организирање на натпревари.
Санкцијата исклучување од натпреварите се состои во исклучување на џудо клубот од такмичење кое е во тек и кое претстои, со право на тој клуб во следниот период да настапува во непосредно понизок ранг на натпреварување.

Член 11

Казната забрана на вршење на сите функции може да се изрече во траење од три месеци до три години. За тоа време натпреварувачот или одговорното лице не може да врши никаква јавна функција на натпреварите и во органите на управување во џудо организацијата и нивните работни тела, освен активностите од остварување права од работен однос, кои не претставуваат вршење на јавни функции.
Забрана на вршење на функцијата званично лице се состои во забрана на вршење на должности: званичен делегат, судија, тренер или званичен лекар. Оваа казна не може да биде пократка од еден месец, ниту подолга од две години.

Член 12

Санкцијата одземање бодови се состои во намалување на бодовите во лигашките натпревари од 2 до 6 стекнати бодови.

Член 13

Санкцијата бришење од членство на Федерацијата повлекува и забрана за постоење и работа, односно престанок на џудо клубот.

Член 14

Доживотната дисквалификација се изрекува за особено тешки прекршоци предвидени со овој Правилник и повлекува забрана на било каква работа во џудо спортот и има трајно влијание.
Автоматска суспензија се изрекува кога натпреварувачот е исклучен од натпреварот поради неспортско однесување. Суспендирањето трае се додека Дисциплинската комисија не донесе друга одлука, а најмногу еден месец.

Член 15

Санкција распуштање на тело/орган во рамките на Џудо федерацијата или џудо клубовите подразбира престанок на работењето на тоа тело/орган заради сторен прекршок од делокругот на работењето на телото/органот или пошироко.
Овој Правилник не се однесува на оценувањето на квалитетот на работењето и функционирањето на органите што во рамките на Џудо Федерацијата се формираат со нејзиниот Статут.

- ОПШТИ ПРАВИЛА ЗА ОДМЕРУВАЊЕ НА САНКЦИЈАТА:

Член 16

Санкцијата за сторениот прекршок ќе се изрече на сторителот без оглед дали во време на водењето на постапката и донесувањето на одлуката и понатаму е активен натпреварувач или има функција на одговорно лице.

При изборот, видот и одмерувањето на висината на санкциите, се земаат предвид тежината на сторениот прекршок и неговите последици, околности и начинот на кој прекршокот е сторен, мотивите, моралните особини, однесувањето пред и после сторениот прекршок и други олеснителни или отежителни околности.

Доколку се утврдат посебни олеснителни околности, на сторителот на прекршокот може да му се изрече поблага казна од онаа која е предвидена за сторениот прекршок.

Ако сторителот на прекршокот е јуниор или помлад натпреварувач, може да се изрече поблага казна од онаа која е пропишана за сторениот прекршок.

Ако се утврди особено олеснителна околност, на сторителот може да му се изрече опомена. При постоење на особено олеснителни околности, овој вид на санкција ќе се изрече и на јуниор или на помлад натпреварувач.

- СТЕК И ПРОДОЛЖЕН ПРЕКРШОК:

Член 17

Ако сторителот со едно дејствие или со повеќе дејствија сторил повеќе прекршоци, но не е донесена одлука за прекршок, претходно ќе се утврди санкцијата за секој одделен прекршок, а потоа ќе се изречат како единствена санкција сите така утврдени санкции.

Повеќе изречени истовидни санкции ќе се спојат и ќе се изрече единствена санкција, со тоа да збирот не може да биде поголем од општиот максимум, за тој вид на санкција.

- ЗАСТАРЕНОСТ:

Член 18

Дисциплинска постапка не може да се поведе ако од извршување на прекршокот, односно од моментот кога за него се дознало до поднесување на пријавата, изминале повеќе од 3 месеци, а по протек од една година ако се работи за прекршок сторен во странство.

Застареноста на гонењето настапува по истекот на една година од поднесувањето на пријавата.

Застарувањето се прекинува со секој акт од дисциплинската комисија по повод водењето на постапката. Апсолутно застареност настапува по истек од 3 години од сторениот прекршок. Изречената казна може да се изврши во рок од 1 година од правосилноста на одлуката. Застареноста на извршувањето се прекинува со секој акт преземен за да се изврши изречената казна.

Апсолутна застареност на извршувањето настапува по истекот на 3 години од правосилноста на одлуката со која е изречена казната.

Во постапката по вонредни правни средства не се применуваат одредбите за застареност од овој член.

Повторен случај е сторениот нов прекршок во време од 3 години од изречената санкција.

- ЗНАЧЕЊЕ НА ТЕРМИНИТЕ:

Член 19

Под **џудо клуб** се подразбира џудо клуб, џудо школа, или секција на џудо клуб и самостојна џудо шкспа /во понатамошниот текст за сите: џудо клуб/.

**Џудо организација** во смисла на овој Правилник се: џудо клуб,- џудо федерација и нивните органи /во понатамошниот текст џудо организации/, а можат да бидат казнети само градските и територијални спјуми и органи на Извршниот орган на Џудо федерацијата на Македонија /во покатамошениот текс ЏФМ/.

**Натпреварувач** е лице кое е еднаш регистрирано кај надлежната џудо федерација без оглед дали е пререгистрирано или повторно регистрирано.

**Натпревар** е време одредено со други прописи ЏФМ како и време на поаѓање и заминување на натпреварувачите и одговорните лица надвор од натпреварот во и од местото на натпреварување.

**Одговорни лица** се: одговорни лица на натпреварот и одговорни лица надвор од натпреварот.

**Одговорни лица на натпреварите** се: званични лица, службени лица и други одговорни лица на натпреварот.

**Званични лица** се: званичен делегат, делегат на џудо клубовите, тренери на џудо клубовите, помошни тренери, лекар, членови на судиското жири и членови на првостепениот и второстепениот орган за жалба на поединечните натпревари, а на натпреварите во странство и водачите на патот, неговиот заменик, лекарот и физиотерапеутот

**Службени лица на натпреварот** се: записничар, спикер, членови на жирито за доделување на титули, признанија и награди, лица за поправка на борилиштето, редари во слата и надвор од неа, полицајци, благајник за исплата на ззаничните лица и лица од џудо федерацијата кои се одредени да присуствуваат на натпреварот.

**Други одговорни лица на натпреварите** се: водачите на патот на екипите, лекари на екипата, членови на Управи на џудо клубовите кои учествуваа на натпреварите и нивни стручни лица, кои не се во функција на натпреварот.

**Одговорни лица надвор од натпреварот** се: стручни лица, членови на раководните тела и нивните органи во џудо федерацијата и членови на Управата и платеии лица од џудо клубовите.

**Стручни лица** се: џудо тренери, лекари, физиотерапеути, џудо судии, контролори на судзњето како и званични делегати. На овие лица можат да се применат саикции предвидени за званични лица, одговорни лица, или посебно предвидени санкции за стручни лица.

## 2. ПОСЕБЕН ДЕЛ

Член 20

Одговорно лице кое ќе го злоулотреби знакот, знамето, печатот и меморандумот на Џудо федерацијата на Македонија ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до една година.

Ако работата од став 1 на овој член, се направи од користољубие или во рекламни цели, или ќе настапат потешки последици или се изложи на потсмев знакот или знаместо на ЏФМ ќе се казни со забрана на вршење на сите функции до три години.

Во повторен случај или ако настапат нарочито тешки последици, ќе се казни со доживотна дисквалификација.

Џудо клуб кој без значење на ЏФМ настапи под знамето или бојата на Џудо федерацијата ќе се казни со забрана на настапување во траење до една година, а званичните лица на џудо клубот или ЏФ и водачот на патот-забрана за вршење на сите функции во траење до една година.

Член 21

Натпреварувач или одговорно лице кое ќе го злоупотреби печатот на својата џудо организација ќе се казни со забрана на вршење на сите функции до една година.
Ако работата од овој став 1 на овој член ја изврши од користољубие или настанат потешки последици ќе се казни со забрана на вршење на сите функции до три години или доживотна дисквалификација.

Член 22

На одговорно лице кое без одлука или официјално одобрување на Извршниот одбор на ЏФМ:
1. Се кандидира или прими должност за фуниционер во меѓународната организација или се кандидира за меѓународен судија,
2. Како функционер на меѓународната организација учествува на нејзините состаноци или настапува и/или се застапува во меѓународната организација спротивно на ставовите на Извршниот одбор на ЏФМ,
3. Учествува како функционер или стручно лице на натпреварите надвор од Република Северна Македонија, каде што не учествуваат натпреварувачи од земјата,
4. Не поднесе писмено известување до Извршниот одбор на ЏФМ за меѓународниот состанок во рок од 15 дена од неговото одржување,
ќе се казни со забрана за вршење на сите функции најмалку од една година.
Ако одговорно лице со работа од став 1 на овој член направи штета од поголемо значење или го крши угледот на ЏФМ џудо спортот и спортот во Македонија ќе се казни со казна доживотна дисквалификација.

Член 23

Натпреварувач кој се натпреварува или стручно лице кое работи за екипа надвор од Р.С.Македонија без одобрување на Извршниот одбор на ЏФМ, по враќањето во Р.С.Македонија натпреварувачот ќе биде казнет со забрана за натпреварување најмалку шест месеци, додека стручното лице со забрана за вршење на сите функции најмалку една година.

Член 24

Одговорно лице кое без посебно писмено овластување настапува во името на ЏФМ и/или без посебно писмено овластување од официјални лица на ЏФМ испрати било каков допис или комуницира во името на ЏФМ, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до една година.
Ако работата од став еден на овој член ја направи од користољубие или настанат штетни поединци за џудо спортот, ќе се казни со доживотна дисквалификација.

Член 25

Натпреварувач или одговорно лице кое на било каков начин вербално напаѓа, навредува, клевети или омаловажува натпреварувач или одговорно лице во врска со неговата работа во џудо спортот, ќе биде санкциониран со забрана на настап до две години, а одговорното лице со забрана за вршење на сите функции до две години.

Член 26

Натпреварувач или џудо тренер кој ќе ја злоупотреби својата џудо вештина и изврши физички напад на некој граѓанин ќе се казни натпреварувачот со забрана на настапување до две години, а тренерот со забрана на вршење на сите функции до две години. Во повторен или потежок случај ќе се казнат со доживотна дисквалификација.

Член 27

Одговорно лице кое без одобрување на Извршниот одбор на ЏФМ допушти натпреварување на државната или градска репрезентација или регионална репрезентација на меѓународни натпревари, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до две години.

Ако работата од став 1 од овој член ја направи од користољубие или го повтори прекршокот ќе се казни со доживотна дисквалификација.

Член 28

Сите званични лица на џудо организацијата или репрезентацијата кои ќе ги однесат натпреварувачите на меѓународно натпреварување без лекарска потврда предвидена со прописите на ИЏФ и ЕЏФ ќе се казнат со забрана за вршење на должноста до шест месеци.

Член 29

Натпреварувач, званично лице или службено лице кое на натпреварувањата на репрезентацијата или на натпреварите на ЦК со странска екипа, или на некој меѓународен турнир, неспортски и недолично се однесува или на некој друг начин ја крши честа и угледот на репрезентацијата на ЏФ на Македонија ќе бидат санкционирани и тоа: натпреварувачот со забрана за настапување најмалку шест месеци или со забрана за вршење на сите функции во исто траење, а одговорното лице со забрана на вршење на сите функции најмалку една година.

Во повторен случај или во случај на настап или можност за настапување на потешки последици ќе бидат казнети со доживотна дискалификација.

Член 30

Натпреварувач или одговорно лице, кое поради кривично дело биде осудено со казна затвор од најмалку шест месеци, ќе се казни со доживотна дисквалификација.

Член 31

Одговорното лице кое недозволено располага со имотот на ЏФ, несовесно постапува или спротивно на одлуките и прописите на џудо организацијата или спротивно од прописите на надлежните органи врши материјално и финансиско работење, па поради тоа настане имотна штета за џудо организацијата, ќе се казни со забрана на вршење на сите функции до една година.

Ако одговорното лице го стори прекршокот од став 1 од овој член со цел прибавување на имотна корист за себе или друг, или во случај кога штетата за ЏФ која изнесува повеќе од 50.000,00 ден., ќе се казни со забрана за вршење на сите функции од три години до доживотна дисквалификација.

Член 32

Натпреварувач кој освен надомест за изгубен личен доход и надомест одреден со прописите на ИЦФ и ЕЦУ, СОФМ и МОК и општите акти на ЏФМ, прими или бара награда за учество на припремите или натпреварите и поради неисполнување на неговите барања одбива да пристапи на припреми или натпревари, прима или бара награда да не настапи за својата екипа, ќе се казни со забрана за настапување до една година.

Ако натпреварувачот сторил прекршок од ставот 1 на овој член во врска со припремите или натпреварите на репрезентацијата, ќе се казни со забрана на настапување на сите натпревари најмалку една година.

Одговорно лице на ЏК, кое за учество на своите натпреварувачи во средбите кои ги организира друг ЏК или ЏФ, прима или побарува за себе или натпреварувач финансиски средства или друга материјална корист, ќе се казни со забрана на вршење на сите функции најмалку шест месеци.

Одговорно лице или ЏК кое ќе им исплати или даде ветување за исплата на награда на натпреварувачите од ставовиве 1, 2 и 3 на овој член, ќе се кази со забрана на вршење на сите функции во траење од најмалку шест месеци, додека џудо организацијата со забрана за настапување од најмалку шест месеци. Во повторен или тежок случај ќе се изрече санкција доживотна дисквалификација.

Член 33

Званично лице кое за вршење на должностите на натпреварите наплати превозни трошоци, дневници или надоместок за опремата спротивно на прописите, ќе се санкционира со забрана за вршење на должноста званично лице во траење од најмалку три месеци, додека во потешки и повторни случаи ќе следува доживотна дисквалификација.

Член 34

Одговорно лице кое за присуство на конференција, состаноци на работните тела, советувања, семинари и други службени патувања, со намера ќе наплати поголем износ на име превозни трошоци или дневница, ќе се санкционира со забрана на вршење на сите функции во траење од најмалку три месеци, а во повторен или потежок случај ќе се санкционира со доживотна дисквалификација.

Џудо клуб или џудо организација кој/а не обезбеди непречено одвивање на натпреварите, доаѓање во местото и одење од местото на натпреварите, натпреварувачите и званичните лица, па дојде до обид за физички напад од публиката на натпреварувачите или званичното лице или дојде до некаков неред на натпреварот, џудо клубот ќе биде санкциониран со забрана за организирање на натпревари на свој терен во согласност со членот 10, џудо организација со забрана на натпреварување во согласност со членот 10, а нивниот делегат со забрана на вршење на сите функции до шест месеци.

Натпреварувач или одговорно лице кое со зборови или гестакулација ја поттикнува публиката физички да ги нападне натпреварувачите или званичното лице или кое во нападот настапува во

својство на организатор, учествува или се обидува да учествува, или кое предизвикува неред на натпреварот, ќе се санкционира и тоа: натпреварувачот со забрана за настапување од една година до три години, додека одговорното лице со забрана на вршење на сите функции во траење од најмалку две години или со доживотна дисквалификација.

Член 35

Натпреварувач или одговорно лице кое за време на натпреварот од времето на доаѓање на екипата во местото на одржување на натпреварот до нивното заминување од местото на натпреварот или на самиот натпревар, физички го нападне одговорното или званичното лице на натпреварот или натпреварувачите, ќе се казни натпреварувачот со забрана за настапување во траење од најмалку една година, додека одговорното лице со забрана на вршење на сите функции во траење од најмалку една година.

Ако физичкиот напад од став 1 на овој член е направен од страна на натпреварувач кој учествувал на натпреварот или од страна на одговорното лице на натпреварот, натпреварувачот ќе се санкционира со забрана за натпреварување во траење од најмалку две години, додека одговорното лице со забрана на вршење на сите функции од најмалку две години или со доживотна дисквалификација.

Ако физичкиот напад е извршен над званичното или службеното лице на борилиште, или на местото каде што званичното лице или службеното ја врши својата должност, напаѓачот ќе се санкционира со доживотна дисквалификација.

Член 36

Ако натпреварувањето се одржува на непрописно борилиште заради кое може да биде загрозено здравјето или животот на натлреварувачите, ќе се казни џудо организацијата, која е непосреден организатор на натпреварот, со забрана за организирање натпревари до три месеци, додека званичното лице кое ќе го одобри натпреварувањето или продолжението на натпреварувањето, ќе се санкционира со забрана за вршење на функцијата од една година.

Ако заради околностите од ставот 1 на овој член настапи потешка последица, на џудо организацијата ќе ѝ се изрече забрана за организирање натпревари од најмалку една година, додека на званичното лице ќе му се изрече забрана за вршење на сите функции од најмалку една година или доживотна дисквалификација.

Џудо клуб кој ќе напушти натпреварување или ќе направи прекин, ќе биде санкциониран со забрана за настапување до 6 месеци, или парична казна од најмалку 5.000 денари, а делегат на џудо клубот со забрана за вршење на должност званично лице до една година.

Одговорното лице на џудо клубот кое ќе ги наговори натпреварувачите да го напуштат натпреварот или да направат прекин, ќе биде санкционирано со забрана за вршење на сите функции во траење од најмалку една година.

Член 37

Натпреварувачот кој со зборови или со гест на борилиште изрази незадоволство заради одлука на судиите, одлука на званичниот делегат или мислењето на званичниот лекар, или за време на натпреварувањето надвор од својата борба ја поттикнува публиката и другите да реагираат против одлуката на званичните лица, а сѐ со цел да се предизвика неред и да се прекине натпреварот, ќе се санкционира со забрана за настапување до шест месеци.

Во повторен случај од ставот 1 на овој член или на меѓународно натпреварување ќе се санкционира со забрана за настапување до една година.
Званично лице од џудо клубот кое на неспортски начин реагира на одлуките на званичните лица од став 1 на овој член, а со тоа ја поттикнува публиката и трети лица да реагираат заради одлуката на званичните лица, сè со цел да се прекине натпреварот, ќе се казни со забрана на вршење на функцијата званично лице до шест месеци.

Член 38

Натпреварувач кој пред или после завршување на борбата одбива да се поздрави со противникот или одбива да прими медаља ќе биде санкциониран со забрана за настапување до 2 месеци.
Во повторен случај или на меѓународно натпреварување натпреварувачот ќе биде санкциониран со забрана за настапување до шест месеци.

Член 39

Натпреварувач или званично лице на неговата екипа, кој/кое за време на натпреварот или за време на заминување на натпреварувачите или званичните лица од местото на натпреварот, ги навредува со зборови или со гестови противниците на натпреварот, званичното или службеното лице или друго одговорно лице на натпреварот, или публиката за време на траење на натпреварот, натпреварувачот ќе биде казнет со забрана за натпреварување во траење до една година, а званичното лице со забрана на вршење на сите функции до една година.

Член 40

Тренерот или неговиот помошник, кој за освежување на натпреварувачите употребува средство кое не е дозволено, а истото се утврди, ќе се санкционира со забрана извршување на сите функции како званично лице до една година.
Натпреварувач кој се допингува или користи допинг средства или одбива допинг контрола и одговорно лице кое во тоа учествува (поттикнува, помага, овозможува, одобрува и сл.), ќе бидат санкционирани на следниот начин: натпреварувачот со забрана за настапување од една година до доживотна дисвалификација, а одговорното лице со доживотна дисквалификација од џудо спортот.

Член 41

Натпреварувач или стручно лице кое од неоправдани причини не се јави на повик за припреми или натпревар на репрезентацијата или ги напушти припремите или натпреварот без оправдани причини, ќе бидат санкционирани: натпреварувачот со забрана за настапување во траење до шест месеци, а стручното лице со забрана за вршење на сите функции до шест месеци.
Одговорното лице на ЏК кое ги спречува натпреварувачите или стручното лице да се јават на репрезентативната покана или ги поттикнува да го сторат тој прекршок, ќе се санкционира со забрана за вршење на сите функции до шест месеци, а џудо клубот забрана за настапувањње до шест месеци.

Во повторен случај од ставовите 1 и 2 од овој член, натпреварувачот ќе се санкционира со забрана за настапување во траење од најмалку една година, додека стручното лице и одговорното лице со забрана за вршење на сите функции најмалку година или доживотна дисквалификација, а џудо клубот забрана за настап од една година.

Член 42

Натпреварувач кој не настапи на натпреварот каде што за време на мерењето е прогласен за способен, а се констатира дека нема оправдана причина за таквото непостапување, ќе се санкционира со забрана за настап до три месеци.

Ако ненастапувањето од став 1 од овој член е направено од користољубие, или во повторен случај, или на меѓународен натпревар, ќе се санкционира со забрана за настап од најмалку три месеци.

Член 43

Определеното званично лице кое без оправдани причини не дојде на натпреварот и не го извести благовремено органот кој го одредил, ќе се санкционира со забрана за вршење на должноста званично лице до шест месеци.

Ако е во прашање натпревар на репрезентација, званичното лице од ставот 1 на овој член ќе се казни со забрана за вршење должност званично лице до една година. Доколку недоаѓањето на ова лице влијаело натпреварот да не може да се одржи, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до две години.

Член 44

Званично или службено лице, кое без одобрување на званичниот делегат, пред завршување на натпреварот, го напуштат натпреварот или дел од натпреварот или одбиваат да вршат своја должност до крајот на натпреварот или во дел од натпреварот, ќе се санкционира со забрана за вршење на функцијата званично или службено лице до шест месеци.

Ако поради напуштање на натпреварот од став 1 на овој член не може да продилжи натпреварот или ако напуштањето е извршено на меѓународно натпреварување или во повторен случај, званичното или службеното лице ќе се санкционира со забрана за вршење на сите функции до една година.

Ако натпреварот го напушти званичниот делерат, ќе се санкционира со забрана за вршење на сите функции до една година.

Член 45

Џудо клубот или џудо организацијата која на натпревар упатува екипа без медицинско лице, или како непосреден извршител при организирање на натпревар не обезбеди лекар на натпреварувањето, ќе се санкционира со забрана за организирање на натпревари до една година и парична казна во висина од најмалку 3.000,00 денари.

Член 46

Надлежниот орган/тело за регистрација кој без сите потребни документи или потребни услови или на друг начин спротивно од прописите за регистрирање на џудо организации и натпреварувачи:

- не води одредена документација за регистиррање на џудо организации и натпреварувачи;
- регистрира или пререгистрира или ги брише од регистарот џудо организацијата или натпреварувачот;
- регистрира фузирање на ЏК или натпреварувачи од фузираните клубови;
- регистрира или пререгистрира или поништува регистрација на натпрварувачи во време или под услови кога тоа не може да се направи;
- не поништува регистрација на натпреварувачи или џудо организации кога е задолжен тоа да го направи;
- одобрува право за настап на организацијата или натпреварувачот,

ќе се санкционирање со распуштање на тој орган/тело или за утврдениот прекршок ќе се извести органот кој го именувал, а одговрното лице кое придонело за сторување на прекршокот ќе се санкционира со забрана за вршење на сите функции до една година.

При повторен случај од претходниот став, одговорното лице ќе се санкционира со забрана за вршење на сите функции во траење од најмалку една година или со доживотна дисквалификација.

Член 47

Натпреварувач кој ќе издејствува регистрација или пререгистрација или поништување на регистрација врз основа на невистинита исправа или фалсификуван документ или неточни податоци или се води истовремено како регистриран натпреварувач за два или повеќе џудо клубови, ќе се санкционира со забрана за настапување во траење од најмалку една година.

ЏК или одговорно лице кое учествува во сторувањето на прекршокот од став 1 на овој член или знае за извршената работа, но дозволува активност на натпреварувачот, ќе се санкционира ЏК со забрана за настапување до три месеци и одговорното лице со забрана за вршење на сите функции во траење од најмалку една година.

Член 48

Званично лице кое во фазата на мерењето, за време на прегледување на натпреварувачките книшки, му одобри на натпреварувачот настап и покрај фактот што натпреварувачката книшка во здравствениот преглед е неисправна, ќе се казни со забрана на вршење на должност како званично лице до една година.3

При повторен случај или ако настапат потешки последици ќе се казни со забрана за вршење на сите функции во траење од најмалку една година или доживотна дисквалификација.

Званичен лекар кој не изврши работа која е должен да ја изврши или изврши работа спротивно на прописите за здравствена заштита за натпреварувачите и прописите на ИЦФ и ЦУ и ЏФМ и други прописи, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции во траење до една година.

При повторен случај ос претходниот став или ако дојде до потешки последици ќе се санкционира со забрана на вршење на сите функции во траење од најмалку една година или доживотна дисквалификација.

Член 49

Првостепениот орган кој поради недоставување на одлука, недавање правна поука за жалба или одговор на жалба, или на друг начин оневозможува право на жалба, или не достави жалба до второстепениот орган или ако првостепениот или второстепениот орган го држат предметот до застарување, ќе се казни со распуштање на именуваниот орган и ќе се извести извршниот орган на ЏФ.

Одговорното лице во првостепениот или второстепениот орган кое учествувало во прекршокот од став 1 на овој член, ќе се казни со забрана за вршење на сите функции до една година.

Член 50

ЏК кој на барање на натггреварувачот или на барање на органот за регистрирање, не предаде во одреден рок исписница и натпреварувачка книшка или потврда и натпреварувачка книшка во постапка за поништување на регистрација, ќе се казни со парична казна до 5.000 денари.

Член 51

Натпреварувач кој на јавно натпреварување настапи без натпреварувачка книшка или со книшка во која се внесени неточни податоци, ќе се санкционира со забрана за настап до шест месеци, а званичното лице на клубот одговорно за внесување на неточните податоци со забрана за вршење на сите функции до една година.

Член 52

Натпреварувач кој настапи на натпревар за време додека трае суспензијата или забраната за учество на натпревари, ќе се санкционира со забрана за настапување од дополнителни шест месеци.

Член 53

Званичен делегат кој не прекине натпреварување кога е должен тоа да го стори, ќе се санкционира со забрана за вршење на функцијата званично лице до една година.

Ако поради непрекинување на натпреварот биде загрозено здравјето, телесниот интегритет или животот на натпреварувачите, или званичните или службените лица или дојде до физички напад врз нив, ќе се санкционира со забрана за вршење на функцијата званично лице во траење од најмалку една година.

Званичниот делегат, покрај случаите од ставовите 1 и 2 на овој член, кој при вршење на должноста ги пречекори своите овластувања или не изврши работа за која по прописите е должен да ја стори или изврши работата која по прописите не смее да ја направи, ќе се санкционира со забрана за вршење на функција званично лице во траење до шест месеци. Во повторен или потежок случај ќе се казни со забрана за вршење на сите функции во траење од најмалку една година или доживотна дисквалификација.

Член 54

Џудо судија кој за вршење на својата должност на натпреварот постапува спротивно на прописите или не постапува во случај на неспортска или непрописна борба на натпреварувачите, ќе се санкционира со забрана за вршење на функцијата званично лице во траење до шест месеци.

Доколку постапувањето или непостапувањето на џудо судијата од ставот 1 на овој член довело до влијание врз резултат на натпревар или имало влијание врз здравјето или животот на натпреварувачите, џудо судијата ќе се санкционира со забрана на вршење на функцијата званично лице во траење од најмалку шест месеци. При повторен или потежок случај ќе се санкционира со забрана за вршење на сите функции во траење од најмалку една година или со доживотна дисквалификација.

Член 55

Џудо судија кој под принуда, закана или од страв за својата лична безбедност или безбедноста на другите званични лица, донесе неправилна одлука или постапи спротивно на прописите и при тоа го оштети натпреварувачот или ЏК кој се натпреварува, а во врска со околностите не го извести званичниот делегат на самиот натпревар или непосредно после завршувањето на натпреварот или во рок од 24 часа по завршување на натпреварот не го извести органот кој раководел со натпреварувањето, ќе се санкционира со забрана на вршење на функцијата званично лице во траење до шест месеци.

Член 56

Џудо судија кој на натпревар ја врши должноста со неуреден изглед или непрописно или неуредно облечен, ќе се санкционира со забрана за вршење на функцијата званично лице во траење до два месеца.

Член 57

Џудо судија кој фаворизира еден натпреварувач или врши должност или донесува одлука на начин со кој се предизвикува публиката или тоа го прави по повод донесената одлука, ќе се санкционира со забрана на вршење на функцијата званично лице во траење од најмалку три месеци. При повторен или потежок случај ќе се санкционира со забрана за вршење на фуикцијата званично лице во траење од најмалку шест месеци.

Член 58

Званично лице кое настапува на натпревар во состојба неспособен или делумно неспособен да ја извршува својата функција, а во која состојба самиот се ставил, ќе се санкционира со забрана за вршење на функцијата званично лице во траење до една година. При повторен случај, или ако тоа го нлаправил на натпревар со репрезентацијата, или со таквиот однос придонел натпреварот да не се одржи, ќе се санкцконира со забраната за вршење на функцијата званично лице во траење од најмалку една година.

## 3. НАДЛЕЖНОСТ И ПОСТАПКА

Член 59

По овој Правилник за дисциплинска постапка одлучува Дисциплинската комисија на ЏФМ и Дисциплинската комисија на ЏК.

По жалба на одлука на џудо клубот решава Дисциплинската комисија на ЏФМ, а во останатите случаи по одлука на Дисциплинска комисија решава второстепениот орган овластен со Статутот на ЏФМ.

Член 60

Дисциплинската комисија на џудо клубот надлежна е да спроведува постапка и изрекува санкции за прекршоци од овој Правилник, извршени од страна на членови на клубот, доколку против нив не е отворена постапка пред повисоката Дисциплинска комисија.

Член 61

Дисциплинската комисија на ЏФМ или органот кој ја води постапката на друго ниво, расправа и одлучува за сите прекршоци кои ќе се направат на државните и меѓународните натпревари, пријателските средби и турнири.

Член 62

Дисциплинска постапка се поведува врз основа на пријава или по службена должност.

Пријава може да поднесе секое заинтересирано лице или организација.

Откако дисциплинската комисија ќе ја прими пријавата или самостојно одлучи да поведе постапка, донесува решение за поведување постапка за утврдување одговорност.

Решението од ставот 3 на овој член содржи податоци за: лицето против кое се поведува постапката, неговото својство, кратко образложение за сторениот прекршок и одредбата која аплицира на дадената ситуација, како и кратко образложение.

Дисциплинската комисија пред или по донесувањето на решението за поведување дисциплинска постапка, може да прибира материјални докази за потребите на водењето на постапката.

Доколку врз основа на прибраните докази и сознанија, дисциплинската комисија оцени дека не станува збор за прекршок за кој се одговара согласно утврдените правила во овој Правилник, ќе донесе решение за неповедување постапка, со елементите од ставот 4 на овој член. Против ваквото решение е дозволена жалба до повисокиот орган.

Во случај дисциплинската комисија да донесе решение за поведување постапка, задолжително, по електронски или писмен пат (на адреса на клуб или живеалиште на лице) истото ќе го достави до лицето/клубот против кое/кои се поведува постапката и ќе остави рок од 8 (осум) дена од денот на приемот за да се изјаснат/одговорат за наводите. Доколку овој рок истече безуспешно, ќе се смета дека дисциплинската комисија може без ограничување да постапува и одлучува. Доколку лицето/клубот достави/ат одговор, истиот ќе биде земен предвид во рамките на одлучувањето.

Никому не може да му се изрече дисциплинска санкција, пред да му се даде можност претходно да се изјасни за фактите и околностите.

Член 63

Врз основа на водената дисциплинска постапка и утврдувањето на фактите, дисциплинската комисија изрекува дисциплинска санкција во согласност со одредбите од овој Правилник и други релевантни прописи.

Дисциплинската санкција содржи: име и состав на органот и датум на донесување на одлуката, повикување на релевантните одредби кои што биле одлучувачки за изрекувањето на санкцијата, диспозитив со наведување на податоци за прекршителот и санкцијата, образложение и правна поука за правен лек.

Писмената одлука за дисциплинската санкција се доставува препорачано на прекршителот во неговиот клуб и извршната канцеларија на ЏФМ.

Член 64

Дисциплинската комисија на ЏФМ се состои од 3 членови, а полноважно расправа ако на седницата присуствува мнозинство од членовите на Дисциплинската комисија.

Дисциплинската комисија може да заседава и по електронски пат, водејќи сметка за можноста со сигурност да се утврди присуството на секој член и неговиот став во врска со материјата која е предмет на разгледување и одлучување.

Член 65

Против првостепената одлука на Дисциплинската комисија на ЏФМ може да се поднесе жалба до Извршниот одбор на ЏФМ како второстепен орган во рок од 30 дена од денот на приемот на одлуката.

По приемот на жалбата, Извршниот одбор на ЏФМ одлучува дали ќе ја уважи жалбата и ќе го врати предметот на повторно разгледување или мериторно ќе одлучи или ќе ја одбие како неоснована и ќе ја потврди одлуката на првостепениот орган во рок од 8 дена од приемот на жалбата.

Жалбите не го одлагаат извршувањето на одлуките.

Член 66

Против одлуката на дисциплинска комисија при ЏК може да се поднесе жалба до Дисциплинската комисија на ЏФМ во рок од 15 дена од денот на приемот.

Дисциплинската комисија ќе одлучи дали ќе ја уважи жалбата и ќе го врати предметот на повторно разгледување или мериторно ќе одлучи или ќе ја одбие како неоснована и ќе ја потврди одлуката на првостепениот орган во рок од 8 дена од приемот на жалбата.

Член 67

Одлуките се доставуваат на прекршителот лично по писмен пат или електронски, во случај кога со сигурност може да се очекува дека одлуката на овој начин ќе се смета за уредно примена.

Извршниот одбор на ЏФМ води евиденција за изречените санкции и проследува известувања за почеток на извршувањето на санкцијата и нејзиниот престанок.

Како датум на почеток на извршувањето се смета датумот на прием на одлуката од страна на прекршителот. Роковите определени на месеци, односно на години завршуваат со истекот на оној ден од последниот месец, односно година кој по својот број одговара на денот кога

започнал рокот. Ако го нема тој ден во последниот месец, рокот завршува последниот ден на тој месец.

## 4. ВОНРЕДНИ ПРАВНИ ЛЕКОВИ

Член 67

По исклучок, кога е кога е изречена санкција доживотна дисквалификација или максимална казна поврзана со забрана за натпревар или вршење функција, против одлуката на второстепениот орган може да се поднесе вонреден правен лек до Собранието на ЏФМ. Овој вонреден правен лек не го запира извршувањето и се поднесува во рок од 30 дена од приемот на второстепената одлука.

Член 68

Повторување на постапката може да се бара ако се докаже дека правосилната одлука е заснована на невистинити докази и ако постојат нови причини и нови докази кои би биле од големо влијание на одлуката за кое сторителот на прекршокот порано не го знаел.

Предлог за повторување на постапката можат да поднесат: казнетите, ЏК или органи на организацијата.

Предлог за повторување на дисциплинската постапка може да се поднесе во рок од 30 дена од денот на доставувањето на правосилна одлука.

Член 69

Против правосилната одпука на дисциплински орган може да се поднесе барање за заштита на законитоста ако се повредени одродбите од Правилникот за дисциплинска одговорност.

По барањето за заштита на законитоста решава Собранието на ЏФМ. Барањето може да се поднесе во рок од во рок од 30 дена од денот на доставувањето на правосилна одлука. Барањето се поднесува во писмеиа форма со неопходно образложение.

Собранието на ЏФМ може да донесе одлука со кое барањето ќе се отфрли; барањето ќе го уважи па предметот се враќа на повторно разгледување на дисциплинскиот орган или ќе одлучи мериторно.

Доколку дисциплинскиот орган не постапи по забелешките на Собранието на ЏФМ, Собранието е овластено самостојно мериторно да одлучи.

Член 70

Врз основа на молба на прекршителот, до органот кој ја донел конечната одлука може да се бара ослободување од казна или казната да се ублажи и тоа во случај кога се утврдат нови околности кои би влијаеле на донесувањето ваква одлука и доколку постои уверување дека издржаниот дел од казната имал воспитно влијание врз казнетиот и дека е остварена целта на казната.

При одлучување за усвојување и неусвојување на молбата за вонредно ублажување на казната секогаш ќе се зема во обзир мислењето на првостепениот орган.

Молбата за вонредно ублажување на казната може да се поднесе после издржување на една половина од казната.

## 5. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 71

Ако пред денот на примената на овој Правилник е донесена првостепена одлука, натамошната постапка ќе се спроведе според претходно важечкиот Правилник.

Ако по денот на примената на овој Правилник се спроведе постапка пред повисок орган, натамошната постапка ќе се спроведе според овој Правилник.

Член 72

Со денот на примената на овој Правилник престанува да важи Правилникот за дисциплинска одговорност на Џудо Федерацијата на Македонија од 09.05.2004 година.

Член 73

Овој Правилник влегува во сила веднаш со донесувањето, а ќе се применува од 01.11.2020 година.

ЏУДО ФЕДЕРАЦИЈА НА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Претседател,
ВЛАДИМИР ТРПАНОСКИ